АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 10-409/1
02.05 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До: Министерство за финансии
Кабинет на министерот
- Комисија за осигурување од автомобилска одговорност

Предмет: Доставување на анализа за оправданоста и исправноста на донесените одлуки на друштвата за осигурување

Почитувани,

На 23.4.2024 година, единаесет друштва за осигурување кои вршат работи на осигурување во групата на неживотно осигурување доставија известувања до Агенцијата за супервизија на осигурување за донесени одлуки на нивните органи на управување за зголемување на премиите за задолжително осигурување од АО.

Во известувањата, друштвата за осигурување се повикуваат на одредбите од Тарифата на премии за осигурување од АО, објавена во „Службен весник на РМ" бр. 191/2018, според кои одредби имаат можност самостојно да одлучат за висината на делот од премијата за спроведување на дејноста, односно т.н режиски додаток при одредувањето на крајната премија по договор за осигурување.

Известувањата на друштвата до Агенцијата не содржат финансиски анализи за изминати периоди, ниту пак конкретни проекции за очекуван развој на ризиците кои ги преземаат во осигурување. Единствен аргумент на кој се повикуваат друштвата за осигурување се растечките трошоци од работење, кои не се непосредно поврзани со настанување на ризиците, односно со настанатите и очекуваните штети.

Агенцијата за супервизија на осигурување прибира статистички податоци од осигурителните компании во кои се прикажуваат сите приходни и расходни ставки кои влијаат на финансискиот резултат, само за оваа класа на осигурување.

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Анализата која е подготвена за оваа цел се заснова на агрегираните годишни статистички обрасци СП2(н.о) за периодот 2012 – 2023. Во овој образец има статистички податоци кои овозможуваат распределба на вкупните приходи и трошоци по основ на осигурување од АО, по одделни тарифни групи на возила и одделно за задолжително осигурување од АО, зелени карти (ЗК) и гранично осигурување (ГР). За целите на оваа анализа, не сеземени предвид приходите и расходите кои се однесуваат на делот на осигурување од одговорност на возачот за стоката примена на превоз, а кои инаку се дел од вкупните приходи и расходи за оваа класа на осигурување. Истите ги тргаме од оваа анализа бидејќи цената за овој ризик не е регулирана односно не претставува дел од Тарифата на премии за АО ниту пак е дел од одлуката за висината на зелената карта.

Почнувајќи од 2016 година, овие податоци АСО ги добива во по-расчленета (дезагрегирана) форма, во делот на оперативните трошоци и останатите приходи.

Во врска со анализата, издвојуваме:

- Анализата не ги диференцира моторните возила по тарифни групи (патнички, товарни, автобуси, итн) ниту пак диференцира според тоа дали се приходите/трошоците од ЗАО/ЗК/ГР. Но, доколку некој смета дека е порелевантен ваквиот начин на анализа, тогаш ваква анализа може да се направи од приложените excel документи со назив SP2_n.o за секоја година;

- Количникот бруто штети / бруто премии во ниту една година не е повисок од 46%. Овој коефициент е најрелевантен за мерење на ризикот кој осигурителните компании го преземаат во осигурување преку склучените договори за задолжително осигурување на моторните возила од одговорност (осигурување од АО). Наједноставно толкување е дека помалку од половина од вкупните годишни фондови прибрани по овие договори се наменети за исплата на штети.

- Во периодот 2016 – 2023, за кој период имаме издвоени податоци колкав дел од вкупните оперативни трошоци се однесуваат на трошоци за провизија, вкупните годишни трошоци за провизија се зголемиле неколкукратно. Односно, од 379 милиони денари или 9,84% од бруто премијата во 2016 година, во 2023 година вкупно изнесуваат 1.057 милиони денари или 18,89% од годишната премија во 2023 г..

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Во следните графикони е прикажана структурата на бруто полисираните премии и бруто исплатените штети, во илјади денари, според тоа дали се од **<u>задолжително осигурување од АО, зелени карти или гранично осигурување.</u>**

Графички приказ на структурата на БПП и БИШ по основ на осигурување од АО, во илјади денари







*Извор: Статистички податоци од друштвата за осигурување*

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Агенцијата за супервизија на осигурување редовно, на квартална основа прибира осигурителни статистички и финансиски податоци за работењето на друштвата за осигурување и ја анализира финансиската состојба и солвентноста на осигурителните компании.

Агенцијата во оваа прилика доставува дел од податоците кои смета дека се релевантни за конкретното барање на Комисијата. Доколку Комисијата смета дека има потреба од други податоци а истите се дел од системот на известувања кои ги прибира Агенцијата, истите веднаш ќе бидат дополнително доставени до Комисијата за осигурување од АО.

Покрај наведените анализи, Агенцијата побара од органите на управување на друштвата за осигурување и назначените овластени актуари на друштвата да достават проекција на коефициентот штети во оваа класа на осигурување за нареден тригодишен временски период. Добиените известувања од друштвата за осигурување покажуваат дека очекувањата на нивните раководства и овластени актуари за идниот развој на ризиците и штетите во оваа класа на осигурување не се разликуваат од историските податоци, односно коефициенти кои се движат помеѓу 42%-46%.

Врз основа на анализа на историски статистички и финансиски податоци, и применете проекции за развој на коефициентот штети на друштвата за осигурување, Агенцијата смета дека одлуките на друштвата за осигурување за идентично зголемување на премиите за задолжително осигурување од АО **не се оправдани.**

Еве сумарно дел од причините за ваквиот став на Агенцијата:

1) Ризикот кој осигурителните компании го преземаат во осигурување преку склучените договори за задолжително осигурување на моторните возила од одговорност (осигурување од АО) во 2023 година е на нивото од претходниот повеќегодишен временски период. Ова се следи преку годишните коефициенти штети пресметани како однос помеѓу настанатите годишни штети и заработените премии за осигурување од АО. Во 2023 година вкупниот износ на настанати штети од осигурување од АО изнесувал 2.415.749 илјади денари што претставува 45,19% од заработената премија, која во 2023 година изнесувала 5.345.467 илјади денари. Оттука средствата кои се наплатени од страна на осигурителните

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

компании се повеќе од доволни за исплата на основните обврски по настанатите ризици. Дополнителното зголемување на премијата би значело непотребно оптоварување на осигурениците и повеќе слободни средства за осигурителните компании за кои немаат оправдување за што би биле наменети освен дека планираат да ги зголемат оперативните трошоци (провизиски стапки на агентите и брокерите, плати за вработените, и профит за акционерите)

2) Македонија е међу последните земји во која граѓаните плаќаат дополнителна премија за зелена карта. Приливите во осигурителните компании по овој основ се значително повисоки од настанатите ризици во подолг временски период во минатото. Во вкупниот износ од 5.595.486 илјади денари бруто полисирана премија за осигурување од АО во 2023 година (47,19% од вкупната годишна БПП за неживотни осигурувања), дури 23,24% или 1.300.372 илјади денари се од наплатени премии за издадени зелени карти. Вкупниот износ на исплатени штети по основ на зелени карти во 2023 година изнесувал 502.815 илјади денари, што е 38,7% од наплатените премии.

3) Вкупно 11 осигурителни компании (од пред една недела почна со работа и 12та компанија) нудат осигурување од АО. Во 2023 година вкупните трошоци кои се настанати конкретно за оваа класа на осигурување, во апсолутен износ но и релативно во однос на приливите од премии по овие осигурувања се разликуваат помеѓу осигурителни компании. Друштвата за осигурување имаат различно ниво на оперативна ефикасност во вршењето на дејноста во оваа класа. Овие разлики помеѓу друштвата се јавуваат како резултат на управувачки способности и трошковна ефикасност, начин на организација на работењето, степен на диверзификација на осигурителните портфолија, територијална диверзификација, селекција и управување со ризиците превземени во осигурување, ефикасност во управувањето со утужени побарувања и т.н. Освен една компанија, сите останати 10 компании оствариле солидни добивки на крајот од 2023 година, главно како резултат на високото учество на приходите по основ на осигурување од АО. Но профитабилноста по компании се разликува. Доколку остане одлуката на друштвата за осигурување за повисока премија поради

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

повисоки зафаќања за покривање на оперативните трошоци тоа би било неоправдано стимулирање на оние кои до сега не биле оперативно ефикасни и дестимулирање на оние друштва кои имплементирале ефикасни оперативни политики на контрола на оперативните трошоци. На пример доколку ги споредиме осигурителните компании кои имаат слично учество на годишните приходи од премии за осигурување од АО во вкупните приходи во 2023 година се забележуваат значителни разлики во општата профитабилност. Така добивките пред оданочување на Осигурителна Полиса и на Еуролинк за 2023 година изнесуваат 126.127.468 денари и 110.178.582 денари, додека пак добивките пред оданочување на Сава и Винер 9.171.014 ден односно 3.414.952 денари. Деловните одлуки да се зголемат премиите за ист процент од 15% кај сите компании ќе овозможи поголема комоција на осигурителните компании кои имаат доста високи профити да вршат распределба на вишокот на средства кои се неопходни за покривање на обврските од преземените ризици на товар на осигурениците, и поддршка за компаниите кои до сега не биле внимателни со управувањето со средствата и остварувале добивки на границата на солвентноста.

4) Голем процент од 45,64% од вкупниот износ од 2.316.151 илјади денари на настанати трошоци за вршење на дејноста во оваа класа на осигурување во 2023 година се поради исплатените 1.057.181 илјади денари трошоци за провизија. Значајни износи на обврски на осигурителните компании за провизии кон дистрибутивните канали при продажбата на полиси за АО се пребиваат со побарувањата по основ на премија, со што самите осигурителни компании до сега ефективно нудеа исти покритија за пониски цени од цените што сега одлучија да ги зголемат. Оттука не е оправдано зголемување на цената а реално постои можност за намалување на обврските и трошоците за провизии на осигурителните компании имајќи го предвид задолжителниот карактер на ова осигурување.

5) Со применетите деловни политики на одложена наплата на премијата, без да применат никакви мерки за заштита од кредитен ризик договорувачот да не ја плати доспеаната рата на премијата, осигурителните компании де факто признаваат дека цената до сега

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

била повеќе од доволна, така што одлуката за зголемувањето сега нема основа. На 31.12.2023 година вкупниот износ на недоспеани побарувања и побарувања по основ на премија за осигурување од АО за кои друштвата немаат обврска да вршат исправка на вредност изнесува 792 милиони денари, што претставува 14,2% од годишната бруто полисирана премија на износ од 5.595 милиони денари за осигурување од АО во 2023 г.

Во прилог на оваа анализа доставуваме:

1) Осигурителни статистички и финансиски податоци за класата 10 – осигурување од АО по друштва за осигурување за периодот 2012 – 2023, обрасци СП-2(н.о)
2) Учество на побарувањата по основ на премии за осигурување од АО според доспеаност во вкупната бруто полисирана премија, агрегирано, за периодот 2012 – 2023, обрасци ВС-1(н.о)

Остануваме отворени за соработка за било какви историски податоци кои ги поседува Агенцијата.

Со почит,

Претседател на Советот на експерти,
Крсте Шајноски